INTERCERT
system certification
ISO 9001:2015 CERTIFIED
Q-034/2019

Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

Архивски број :3362/5
Дата: 18.10.2019 год.

Директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, врз основа на член член 188 став 6, член, 212 став 17, од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19), и член 24 став 1 точка 7 од Статут на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово бр.04-2156 од 21.06.2019 год. Директорот на ден 18.10.2019 год. донесе:

## О Д Л У К А

За избор на кандидати врз основа на јавен оглас за вработување бр. (02/2019) на два (2) извршители дипломирани социјални работници

Мелита Ристовска - Ивановиќ и Магдалена Спасовска се избираат за вработување на работно место дипломирани социјални работници во Службата за права на парична помош за општина Куманово и Старо Нагоричане и тоа Мелита Ристовска - Ивановиќ во Оддел за права на парична помош општина Куманово и Магдалена Спасовска во Оддел за права на парична помош општина Старо Нагоричане и дел од општина Куманово при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.
Именуваните ќе засноваат работен однос по конечноста на ова одлука.

## Образложение

По добиено согласност од Министерство за финансии за обезбедување на финансиски средства заведена со наш број 03-507 од 08.02.2019 година, и бр.03-1838 од 23.05.2019 год. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објави оглас заведен со бр.02/2019, во дневниот печат Слободен печат и Лајм за прием на два (2) извршители на неопределено време дипломирани социјални работници.
Комисијата формирана за селекција на кандидати за вработување направи административна селекција и интервју со кандитатите кои ги исполнуваат условите наведени во огласот и ранг листа со првортангираните кандидати ја достави до директор.
Кандидатите кои за прв пат се вработуваат во јавна установа за социјална заштита како даватели на јавни услуги задолжително извршуваат пробна работа.
По завршување на пробната работа, избраните кандидати е потребно да се стекнаат со лиценца за работа во установа за социјална заштита.
Одлуката за избор или неизбор на кандидатите се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција.
По конечноста на Одлуката избраните кандидати со Директорот на ЈУМ ЦСР – Куманово, склучува Договор за работа.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

Врз основа на основа на член член 188 став 6, 211 став 3, член 212 став 17 од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19), и член 24 став 1 точка 7 од Статут на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово бр.04-2156 од 21.06.2019 год. Директорот донесе горенаведената одлука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова одлука може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапките од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на доставување, односно известувањето за управниот акт.

ЈУ Меѓуопштински центар
за социјална работа - Куманово

Директор
Александра Арсовска



Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков“ бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk